ЈВК ДОО, Скопје
а: 8 септември 3/2-3
1000 Скопје
Северна Македонија
т: +389 (0)2 308 53 77
е: info@jvk.com.mk

Друштвото за ревизорски,книговодствен и даночен консалтинг и услуги ЈВК ДОО, Скопје (во натамошниот текст "Друштвото") согласно член 35 од Законот за ревизија објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија

Друштвото за ревизорски, книговодствен и даночен консалтинг и услуги ЈВК ДОО, Скопје е друштво со ограничена одговорност основно на 01.09.2010. Друштвото е регистрирано во Централниот Регистар на РМ со ЕМБС 6634079. Друштвото е основано и е со седиште на бул. 8ми септември 3/2-3, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија.

Друштвото е заведено под број ДР026 во регистарот на друштва за ревизија востановен од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

Друштвото поседува лиценца за работа за вршење на работи од ревизија издадена од Советот на унапредување и развој на ревизија со Регистарски број 19 архивирана под број 07-420/1 од 04.11.2013.

Бројот на вработени со состојба на 31.12.2025 е четири лица на неопределено полно работно време. Бројот на вработени со состојба на денот на овој Извештај е четири лица на неопределено полно работно време.

Основната главнина на Друштвото изнесува 330.000 денари во сопственост на три физички лица и со еднаков процент на сопственост од 33,33% на секој од содружниците.

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема подружници во земјата и во странство, ниту има сопственост во други друштва во Македонија или во странство.

Друштвото има годишно осигурување согласно Законот за ревизија според полиса бр. 990000127481 издадена од Триглав Осигурување АД, Скопје со минимална сума на покривање од 400.000 ЕУР по штетен настан за период од 06.12.2025 до 06.12.2026.

## 2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде припаѓа

Друштвото делува на територијата на Република Северна Македонија, со цел давање на услуги на коминенти кои се резиденти на Република Северна Македонија и е член на меѓународна мрежа на независни сметководствени, ревизорски и консултантски фирми JPA International, кои работат според заеднички етички кодекс со цел да обезбедат висококвалитетни услуги на своите клиенти.

## 3. Опис на управувачка структура

Со Друштвото управуваат Управителите на Друштвото, содружникот Крсто Несторов и вработената Ивана Денковска. За именување на Управители одлучува Собирот на содружници составен од 3 (три) члена: Весна Стојчевска, Верица Хаџи Василева-Марковска и Крсто Несторов. Во управување со Друштвото, Управителите може да ги извршуваат сите акти и дејства во интерес на Друштвото. Управителите го застапуваат Друштвото во внатрешниот и надворешно трговскиот промет. Собирот на содружници одлучува за мерките на испитување и вршење контрола над работењето на Друштвото, зголемување и намалување на основната главнина, статусни и други промени на Друштвото.

**4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем.**

Системот на контрола на квалитет е воспоставено во согласност со МСКК 1. Целта на системот на контрола на квалитет е Друштвото треба да воспостави систем на контрола на квалитетот, дизајниран на начин кој ќе обезбеди разумна сигурност дека друштвото и неговиот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања и дека издадените извештаи се соодветни на дадените околности.

Системот за контрола на квалитет во Друштвото опфаќа политики и постапки за секој од следните елементи: /а/ одговорност на лидерите за квалитетот во рамките на Друштвото; /б/ релевантни етички барања; /в/ прифаќање и продолжување на односот со клиентите и специфични ангажамани; /г/ човечки ресурси; /д/ извршување на ангажман; /ѓ/ надгледување.

*/а/ Одговорност на лидерите за квалитетот во рамките на Друштвото*

Внатрешниот систем на контрола на квалитет е поставен така да партнерите ги делегираат обврските и одговорностите за контрола на квалитет помеѓу себе. Одговорноста на внатрешниот систем на контрола на квалитет е на Управителот кој има доволно искуство, способност и овластувања за да превземе таква одговорност.

*/б/ Релевантни етички барања*

Кодексот на етика за професионални сметководители на МФС иа сила на акт за задолжителна примена во Друштвото. Кодексот ги воспоставува основните принципи за професионална етика, кои вклучуваат: интегритет, објективност, професионална компетентност, доверливост и професионално однесување. За секој ангажман се користи писмена конфирмација од партнерот и персоналот со која се демострира важноста на независнооста. При закани од фамилијарност, ревизии од јавен сектор, и слични закани, се применува Кодексот на МФС со мерки како што се: ротација на партнери и др. За обезбедување на доверливост и заштита на податоците се применуваат соодветни заштитни мерки како што се: правилно селектирање на персоналот за пристап до соодветна доверлива документација, физичка и електронска заштита на податоците.

*/в/ Прифаќање и продолжување на односот со клиентите и специфични ангажамани*

Одговорноста за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажман е на партнерот на ангажман кој задолжително одобрува интерно развиени прашалници за овие прашања, а по потреба врши и консултација со останатите партнери кои имаат доволно компетенции и способност за оценка на одредени клиенти кај кои интегритетот е доведен во прашање.

*/г/ Човечки ресурси*

Политиката врзана со човечките ресурси ги опфаќа следниве прашања:

*Вработување*. За оваа цел, по потреба се користи квалификувано надворешно лице.

*Оценување на вработените, способност и компетентност.* За овие цели, се користат помалку формални методи.

*Унапредувања, развој, надоместок на вработените.* Овие цели, зависат најмногу од способностите и компетентноста на персоналот кои се развиваат преку континуиран професионален развој и обуки.

*/д/ Извршување на ангажман*

*Назначување на одговорниот на ангажманот.* Вообичаено се назначуваат партнери кои имаат соодветно техничко знање во поглед на разбирање на професионални стандарди и регулаторни барања. Во зависност од природата, ризикот и сложеноста на ангажманот, се врши соодветен надзор, проверка и консултација.

*Назначување на членови на ангажманот.* Членовите на ангажманот се назначуваат, во зависност од природата, ризикот и сложеноста на ангажманот. Членовите се информираат за ангажманот со цел да стекнат разбирање за целите на нивната работа. Постои соодветена документација за извршената работа и проверката.

*Назначување на експерти и специјалисти.* Консултациите на соодветно професионално ниво се вршат во Друштвото, а за тешки или спорни прашања се ангажираат експерти со соодветно знаење, сениорност и искуство. По потреба, може да се користат советодавни услуги од други фирми или професионални и регулаторни тела.

*<u>/ѓ/ Надгледување</u>*

Постапката на надгледување на системот на контрола е одговорност на Управителот кој е одговорен за дизајнот и имплементација на политиката и постапките за контрола на квалитет на ниво на фирма. Во најголем број случаи истиот е одговорен за извршување на контрола на квалитет на ниво на ангажман.

При спроведување на ангажманите, во Друштвото се користат, соодветни компјутерски ревизорски техники и интерно развиена ревизорсока методологија во форма на формулари, прашалници и сл. која обезбедува навремено комплетирање на ревизорската документација и навремено архивирање (45 дена по датумот на ревизорскиот извештај) и чување на ревизорската документација (7 години по датумот на ревизорскиот извештај).

Генерално, применувањето и усогласувањето со релевантните барања на горенаведените елементи од а) до ѓ), потоа политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето и документирањето на внатрешниот систем на контрола е во согласност со големината на Друштвото и истите се документираат и комуницираат согласно точка А3 и А75 од МСКК1. Вообичаено, Партнерите во Друштвото ги делат улогите на лидерските позиции и ги делегираат обврските и одговорностите за контрола на квалитет помеѓу себе.

Прилог 1 Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

## 5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување на квалитет на ревизорот согласно одредбите на член 20 од Законот за ревизија

Периодот на последна проверка за уверување на квалитет е од 15 јануари 2024 до 29 февруари 2024 година. Периодот за кој се однесува контролата е 2023 година. Предмет на контрола беа три трговски друштва, предмет на законска ревизија. За спроведената контрола издаден е конечен извештај во февруари 2024 година.

## 6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

ЈВК ДОО Скопје во текот на 2025 година има извршено ревизија на финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2025 година, и тоа:

| Законски ревизии | | |
|---|---|---|
| Реден број | Клиент | Град |
| 1 | Агрома дооел | Струмица |
| 2 | Ај Стаил ДОО | Штип |
| 3 | Видео Дата | Скопје |
| 4 | ГДИ дооел | Скопје |
| 5 | Градба промет доо | Кавадарци |
| 6 | Дарваге дооел | Скопје |
| 7 | Дасто дооел | Скопје |
| 8 | Дивиен доо | Скопје |
| 9 | Димима доо | Скопје |
| 10 | Евролиз ауто дооел | Скопје |
| 11 | Експанда | Скопје |
| 12 | Ернст и Јанг Овластени Ревизори - Самостојни | Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Еуролаб Интернационал Груп | Скопје |
| 14 | Југоекспорт стил доо | Скопје |
| 15 | Киси трејд доо | Струмица |
| 16 | Киси Логистик КС дооел | Струмица |
| 17 | ФД Младинец дооел - во ликвидација | Скопје |
| 18 | ФД Пеон доо | Струмица |
| 19 | ПСХ СОЛАР МК | Скопје |
| 20 | Рудмак - Самостојни | Скопје |
| 21 | Сетек се од техника доо | Скопје |
| 22 | ТИД Етерна дооел | Скопје |
| 23 | Хенди Телеком дооел | Скопје |
| 24 | ЦМЦ Гроуп доо | Скопје |
| 25 | Деус Б&Б | Скопје |
| 26 | Делфино - Самостојни | Скопје |
| 27 | Скеил Фокус | Скопје |
| 28 | Компас Менаџмент Интернационал | Скопје |
| 29 | Маслино Ком | Скопје |
| 30 | Ферал Механика дооел | Скопје |
| | | |

| Договорни ревизии | | |
|---|---|---|
| Реден број | Клиент | Град |
| 1 | Екон Електрон | Скопје |
| 2 | Здружение на внатрешни ревизори | Скопје |
| 3 | Велеа Хоум дооел | Скопје |
| 4 | Зелен Циклус | Скопје |
| 5 | Ернст и Јанг Овластени Ревизори | Скопје |
| 6 | Ернст и Јанг Услуги | Скопје |
| 8 | Здружение Ековита - проект „Екомисија“ | Неготино |
| 11 | Карло ВИП Травел | Скопје |
| 12 | Какаду Травел | Скопје |
| 13 | Домино Лине | Скопје |
| 14 | Јадран Скопје | Скопје |

## 7. Опис и изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Политиката на независност е заснована на Кодексот на етика за професионални сметководители на Меѓународната Федерација на Сметководители. Сите партнери се задолжени да ја утврдуваат независноста на Друштвото во однос на портфолиото на клиенти, а со цел да се спречат било какви ограничувања кои може да се сметаат како нарушување на независност, партнерот на ревизија го потврдува истото со давање на писмена изјава, вообичаено пред започнување на ангажманот за секој клиент дека тој и неговиот тим се независни во однос на клиентот.

Прилог 2 Изјава за независното работење на Друштвото

## 8. Опис и изјава за политиката што ја следи друштвото за континуирано професионално усовршување

Овластените ревизори на Друштвото посетуваат континуирана обука за професионално усовршување од минимум 40 часа годишно, која е организирана од страна на Институтот на овластени ревизори на РСМ.

Прилог 3 Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување

## 9. Финансиски информации за вкупниот приход остварен од ревизија и други надоместоци

Ние им нудиме на нашите клиенти: услуги од областа на ревизијата (ревизија на финансиски извештаи подготвени според локални стандарди и МСФИ, корекција на финансиски извештаи и подготовка на финансиски извештаи за потребите на ревизија на други екстерни ревизори; финансиски и длабински анализи; преглед на финансиски извештаи и останати ангажмани согласно Законот за ревизија), услуги во управување со ризици (проверка на сметководствените системи и интерните контроли и услуги за уверување на контролите, интерна ревизија, интегрираност на процесите во системите, советодавни услуги и имплементација на МСФИ), даночни, сметководствени, проценки и други советодавни услуги.

Во илјада денари

| | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Приход од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки | 4.672 | 4.077 |
| Приход од дополнителни услуги на уверување на квалитет | - | - |
| Приходи од други неревизорски услуги | 1.830 | - |
| **Вкупно:** | **6.502** | **4.077** |

## 10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува врз основа на времето и нивото на лицата кои се ангажирани за извршување на ангажманот, прилагодени на степенот на одговорност, искуство и способности во комбинација со постигнатите резултати и сопственоста.

25 март 2026 година, Скопје

Друштво за ревизорски, книговодствен и даночни консалтинг и услуги • JBK ДОО СКОПЈЕ

Ивана Денковска
Управител

**Прилог 1**

Изјава
за ефективноста на функционирањето на внатрешниот
систем на контрола на квалитет

Изјавувам дека Друштвото за ревизорски,книговодствен и даночен консалтинг и услуги ЈВК доо, Скопје во давањето на своите услуги се придржува до воспоставените политики и процедури кои се однесуваат на системот на внатрешна контрола на квалитетот на Друштвото и дека истиот ефективно функционира.

25 март 2026 година, Скопје

Ивана Денковска
Управител

**Прилог 2**

Изјава
за постоење на интерни процедури за проверка на усогласеноста на
независноста на Друштвото

Изјавувам дека Друштвото за ревизорски, книговодствен и даночен консалтинг и услуги ЈВК доо, Скопје во давањето на своите услуги се придржува до воспоставените интерни процедури за потврдување на независноста и дека истите се спроведуваат во однос на секој ангажман на Друштвото.

25 март 2026 година, Скопје

___________________________

Ивана Денковска
Управител

**Прилог 3**

Изјава
за политиката што ја следи Друштвото за континуирано
професионално усовршување

Изјавувам дека Друштвото за ревизорски, книговодствен и даночен консалтинг и услуги ЈВК доо, Скопје ја следи  политиката за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени.

25 март 2026 година, Скопје

___________________________
Ивана Денковска
Управител